Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-275/4
08-05-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 275/1 од 30.03.2023 година, поднесена од [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија" бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-275/1 од 30.03.2023 година, поднесена од [redacted] **поради неуредност**.

## Образложение

Лицето [redacted] со адреса на живеење [redacted], Скопје, на 30.03.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација достави претставка заведена под бр. 08-275/1. Наведената претставка е поднесена против физичко лице како потенцијален дискриминатор, со наводи во истата дека лицето преку објава на текстуална содржина на социјална мрежа „FACEBOOK" сторило вознемирување врз подносителот.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи од член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно содржеше податоци за физичко лице кое не ја направило и не е автор на спорната објава, а не содржеше податоци за физичкото лице кое е автор на објавената текстуална содржина, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, на 24.04.2023 година до [redacted] достави барање бр. 08-275/2 за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на барањето, да ја доуреди претставката, со тоа што ќе наведе податоци за потенцијалниот дискриминатор, односно физичкото лице кое всушност сторило објава на спорната текстуална содржина.

Подносителот во предвидениот рок до Комисијата достави Известување бр. 08-275/3, без притоа да постапи по барањето на Комисијата и да ја доуреди претставката.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Исмаил Камбери

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk